Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14/4-3379/4
01.10.2020 год.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14/4-3379/4
29 SEP 2020 2020 година

| МІОА204-Р2 Процедура за реализација на јавни набавки – постапка до 1000 евра денарска против вредност | | |
|---|---|---|
| **Историја на ревизии** | | |
| Верзија | Датум | Опис на ревизијата |
| 01 | 01.09.2020 година | иницијална |
| **Подготовка**<br>*Овој документ е подготвен од:* | | |
| Функција | Име и презиме | Потпис |
| Помош. Раковод. Сек | Дејан Николовски | |
| Пом. Сораб. | Виолета Јовановиќ Јордановска | |
| Пом. Сораб. | Бујар Османи | |
| Самос.Рефернт | Мерсиха Вукељ | |
| **Согласен**<br>*Овој документ е проверен од:* | | |
| Функција | Име и презиме | Потпис |
| Државен секретар | | |
| **Одобрувања**<br>*Овој документ е одобрен од:* | | |
| Функција | Име и презиме | Потпис |
| Министер | Doc. D-r Jeton Shaqiri | |
| **Дистрибуција** | | |
| Функција | Име и презиме | |
| | До сите вработени во електронска форма. | |

Овој документ во .pdf е достапен преку ИТ системот на МИОА преку фолдерот МИОА Share.

MIOA204-P2 Процедура за реализација на јавни набавки – постапка до 1000 евра денарска против вредност

1. Цел

Управување со обезбедување на ресурси на работа и реализација на активностите на Министерството за информатичко општество и администрација за кои се потребни набавка на стоки, услуги и работи.

2. Опсег

Оваа процедура опфаќа активности за реализацијата на јавните набавки до 1000 евра во денарска противвредност.

Напомена: Овие типови на набавка, постапка до 1000 евра во денарска противвредност, не се планираат во Годишниот план за јавни набавки, и истите произлегуваат како резултат на одделни тековно оперативни активности (ad hoc).

3. Улоги и Одговорности

3.1 Надзор и одговорност над процесот за реализација на јавни набавки до 1000 евра денарска против вредност има Раководителот на сектор за јавни набавки, Помошник раководителот на сектор за јавни набавки, Раководителот на одделението за јавни набавки и Министерот за информатичко општество и администрација.

3.2 Барателите односно Раководители на сектор/одделение; Работните групи, при потреба од реализација на набавка до 1000 евра имаат обврска за:

- пополнување на Образец MIOA 204-P2–Z1

3.3 Државен советник за финансиски прашања, Раководителот на сектор за финансиски прашања, Раководителот на одделението за буџетска координација се одговорни за:

- потврдување и потпишување како согласен на пополнетиот образец Образец MIOA 204-P2–Z1, дека има средства во буџетот и може да бидат преземени финансиски обврски.

3.3 Раководителот на сектор за јавни набавки, Помошник раководителот на сектор за јавни набавки, Раководителот на одделението за јавни набавки ги делат следните одговорности:

- правење на редовен преглед на процедурата, идентификување на опции за подобрување и ажурирање на процедурата
- го проверува Образецот дали барателот точно го има пополнето, и дали е потпишано од Државен советник за финансиски прашања, Раководителот на сектор за финансиски прашања, Раководителот на одделението за буџетска координација, како потврда дека има средства во буџетот за преземање на обврска.
- Проверува дали вкупните средствата користени за набавки до 1000 евра вклучително и со оваа набавка нема да надминат 12.000 евра во денарска против вредност во тековната година
- Проверува дали претходно во тековната година Договорниот орган има спроведено набавка со истоветен предмет на набавка, со цел да не се прекрши член 40 став 3 од ЗЈН кој гласи „Договорниот орган не смее да врши

делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на овој закон"

- Дава насоки на лицата за јавните набавки за подготовка и потоа ја проверува МІОА 204-Р2–Z2 Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност.
- Ја проверува Листата на набавки листата на спроведени набавки до 1.000 евра во тековната година
- Проверува пред да бидат објавени кварталните известувања за спроведените набавки до 1.000 евра

3.4 Лицата за јавни набавки во Одделението за јавните набавки:

- го пополнуваат МІОА 204-Р2–Z2 Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност.
- ја ажурираат листата на спроведени набавки до 1.000 евра во тековната година
- пополнуваат квартални евиденции во системот ЕСЈН за спроведени набавки до 1.000 евра

3.5 Министерот за информатичко општество и администрација е одговорен за:

- потпишување на образецот МІОА 204-Р2–Z2 Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност

4. Активности за реализација со опис

Со оваа процедура се уредува постапката за реализацијата на јавните набавки преку постапка до 1000 евра денарска против вредност.

- Раководители на сектор/одделение, Работните групи, за потребата од набавки кои произлегуваат како резултат на одделни тековно оперативни активности (ad hoc), доставуваат МІОА 204-Р2-Z1 Барање за одобрување на набавка до 1000 евра.
- Државен советник за финансиски прашања, Раководителот на сектор за финансиски прашања или Раководителот на одделението за буџетска координација се потпишува како согласен на пополнетиот образец Образец МІОА 204-Р2–Z1 Барање за одобрување на набавка до 1000 евра, како потврда дека има средства во буџетот и може да бидат преземени финансиски обврски.
- Раководителот на сектор за јавни набавки, Помошник раководителот на сектор за јавни набавки или Раководителот на одделението за јавни набавки го проверува Образецот дали барателот точно го има пополнето, и дали е потпишано од Државен советник за финансиски прашања, Раководителот на сектор за финансиски прашања, Раководителот на одделението за буџетска координација, дали претходно во тековната година Договорниот орган има спроведено набавка со истоветен предмет на набавка, проверува дали со оваа набавка кумулативно нема да се надминат 12.000 евра во денарска против вредност во тековната година за набавки до 1.000 евра
- Лицета за јавни набавки го пополнуваат Образецот МІОА204-Р2–Z2 Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност , а го проверува Раководителот на сектор за јавни набавки, Помошник раководителот на

сектор за јавни набавки или Раководителот на одделението за јавни набавки

- Финално одобрување на барањето дава министерот
- Откако ќе се одобри барањето од Министер, Барателот може да ја испрати нарачката (order) а по нејзиното извршување за истото да достави доказ - Записник за прием односно потврда дека нарачката е испорачана односно дека тоа што е барано е и извршено од страна на Носителот на набавката.

Напомена:
Доколку целосно не се исполнети организационите единици, активноста се префрла на лице со непосредно пониско звање во соодветната организациона единица.

5. Записи

| Запис | Опис | Локација |
|---|---|---|
| MIOA204-P2–Z1 Образец-Барање за одобрување на набавка до 1000 евра без ДДВ | Барање за одобрување на набавка до 1000 евра без ДДВ | mioshare архива |
| MIOA204-P2–Z2 Образец-Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност | Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност | mioshare архива |

6. Референтни документи

- Закон за јавните набавки и под законските акти
- Закон за Буџетот на СРМ
- Закон за извршување на буџетот
- Стратешки план на министерството за информатичко општество и администрација
- Правилник за систематизација на работните места во Министерството за информатичко општество и администрација
- Правилник за внатрешна организација во Министерството за информатичко општество и администрација

7. Поврзаност со други процедури

- MIOA 207-P1 Прием и плаќање на фактури

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Архивски број: _______**
**Датум: _________**

**MIOA204-P2–Z1 Образец-**
**Барање за одобрување на набавка до 1000 евра без ДДВ**

1. Сектор/ Одделение за _______________ или За потребите на проектот _____________________, има потреба од набавка на : ______________________________

2. Образложение за потребата од набавката: _________________________

3. Врз основа на извршената маркет анализа, како најповолна понуда согласно утврдениот сооднос квалитет - цена е констатирана од следниот економски оператор: ________________________________

4. Согласно најповолната понуда, средства потребни за реализација на оваа набавка се во вредност од __________,00 денари без ДДВ, односно ____________ со пресметан ДДВ.

* Записник од маркет анализата се доставува во прилог. (маркет анализата може да биде вршена телефонски со контактирање на потенцијални понудувачи, со прегледување на веб сајтови од потенцијални понудувачи, по емаил комуникација, лично во продавници)

**Барател/и**:
____________________

**Согласен**: Државен советник за финансиски прашања, Раководителот на сектор за финансиски прашања, Раководителот на одделението за буџетска координација
____________________

**Проверил**: Раководителот на сектор за јавни набавки, Помошник раководителот на сектор за јавни набавки, Раководителот на одделението за јавни набавки
____________________

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**MIOA204-P2–Z2 Образец-**
**Одлука за набавка до 1000 евра во денарска противвредност**

**Архивски број: 14/4- 397**
**Датум:**

Врз основа на член 40, став 6 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019), министерот за информатичко општество и администрација ја донесе следната

**Одлука**
**за набавка до 1000 евра во денарска противвредност**

**1. Предмет на набавка**
Министерството за информатичко општество и администрација има потреба од набавка на:
- Набавка на_________________________________

**2. Образложение за потребата:**
Набавката е потребно да се реализира од причини што:______________________________.

**3. Извршена маркет анализа и избор на економски оператор:**
Врз основа на извршената маркет анализа, како најповолна понуда согласно утврдениот сооднос квалитет - цена е констатирана од следниот економски оператор:

- ___________________________________________,

*Маркет анализата е обврска на барателот и истата е прилог на одлуката

**4.Потребни средства за набавката**
Средства потребни за реализација на оваа набавка се во вредност од ___________,00 денари без ДДВ, односно _____________ со пресметан ДДВ.

**5.Лице за следење на реализацијата**
Задолжено лице за следење на реализацијата во однос на испораката односно извршувањето на набавката е барателот на набавката.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 40, од Законот за јавни набавки (Службен весник бр.24/2019), во класичниот јавен сектор одредбите од Законот за јавните набавки се применуваат на постапките за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без данокот на додадена вредност (во натамошниот текст: ДДВ) е еднаква или

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

поголема од „1,000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение".

Согласно член 40 став (6) вкупната вредност на овие набавки не смее да надмине 12.000 евра без ДДВ во денарска противвредност за целата тековна година.

Врз основа на претходно наведеното, а имајќи предвид дека не се надминати 12.000 евра без ДДВ во денарска противвредност за целата тековна година по овој основ, Министерство за информатичко општество и администрација потребно е да ја спроведе набавката, во рамките на износот кој не ги надминува вредностите од член 40 од Законот за јавни набавки.

Со почит,

Doc. D-r Jeton Shaqiri

министер

Подготвил: ________________
Прорерил: Дејан Николовски